**ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧНО-СТРУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

## „СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ТУРИЗМОТ, ЕКОНОМИЈАТА И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“




**Штип, 2016**

**Издавач:**

Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика

**Уредници:**

Проф. д-р Никола В. Димитров

Доц. д-р Дејан Методијески

**Организациски одбор:**

Проф. д-р Никола В. Димитров
Доц. д-р Дејан Методијески
Асистент докторанд м-р Душица Санева
Асистент докторанд м-р Оливер Филипоски
Асистент докторанд м-р Кристина Ковачевиќ
Асистент докторанд м-р Наташа Колевска Асистент докторанд м-р Душко Јошески

**Програмски одбор:**

Проф. д-р Никола В. Димитров
Проф. д-р Нако Ташков
Проф. д-р Златко Јаковлев
Проф. д-р Цане Котески
Проф. д-р Мичо Апостолов
Доц. д-р Дејан Методијески
Доц. д-р Марија Магдинчева Шопова Доц. д-р Тања Ангелкова Петкова **Печати:**

Печатница „2ри Август" - Штип

**Тираж:**

100 примероци

**Дизајн на корица:**

Доц. д-р Дејан Методијески
Проф. д-р Никола В. Димитров
**Фотографии за корица:**

М-р Васко Златковски

**Техничко уредување:**

Доц. д-р Дејан Методијески

**Лектор:**

Вангелија Цавкова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
616.314-08(075.8)
616.314-74(075.8)
НАУЧНО-стручна конференција "Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија" (2016; Штип)
Зборник на трудови од научно-стручна конференција "Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија", Штип 28.05.2016 [Електронски извор] [уредници Никола Димитров, Дејан Методијевски]. - Текст во PDF формат, содржи 215 стр., илустр.. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Факултет за туризам и бизнис логистика, 2016
Начин на пристап (URL): http://js.ugd.edu.mk/. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 18.07.2016 ISBN 978-608-244-313-3 1. Гл. ств. насл.
а) Туризам - Економски прилики - Македонија - Собири
COBISS.MK-ID 101453578

## СОДРЖИНА

УЧЕСНИЦИ НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА ................................................ 6

ПРЕДГОВОР ОД УРЕДНИЦИТЕ .................................................... 15

ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ............................................ 17

СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ТУРИЗМОТ, ЕКОНОМИЈАТА И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Никола В. Димитров ........................................................... 18**

ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАУЧНИ И СТРУЧНИ КОНФЕРЕНЦИИ И НИВНИОТ ПРИДОНЕС ВО НАУКАТА

**Дејан Методијески, Душица Санева .................................... 26**

ОСНОВНИ ПОСТАВКИ НА МЕНАЏМЕНТОТ НА СИНЏИР НА СНАБДУВАЊЕ И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА

**Мичо Апостолов, Лилјана Здравковска, Наташа Апостолова.................................................................. 36**

ЛОГИСТИЧКИОТ МЕНАЏМЕНТ ВО ФУНКЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИТЕ ДЕСТИНАЦИИ

**Христина Филипоска, Оливер Филипоски .......................... 48**

ПРИМЕНА НА TQM (TOTAL QUALITY MANAGEMENT) СИСТЕМ ВО КОМПАНИИ

**Александра Ташевска ........................................................ 57**

ТРАНСПОРТНИ СИСТЕМИ

**Моника Станковска ............................................................ 64**

СОСТОЈБИ И МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИОТ БИЗНИС ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Марија Магдинчева Шопова, Магдалена Мицева ............... 74**

ПРЕТПРИЕМАЧКА ИНИЦИЈАТИВА И РАЗВОЈ НА ЗДРАВСТВЕНИОТ ТУРИЗАМ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, БОГДАНЦИ И ДОЈРАН

**Марија Магдинчева Шопова,Симона Савиќ,Убавка Вегова..86**

ПРЕТПРИЕМАЧКА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Марија Магдинчева Шопова,Љупка Атанасова,Вера Митровска ............................................................................................ 95**

ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО ......................................................105

УСЛОВИ И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ГРАДОВИТЕ ШТИП И КОЧАНИ И НИВНАТА ОКОЛИНА

**Златко Јаковлев, Цане Котески, Дарко Шпиртов ........... 106**

МОЖНОСТИ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА СЕЗОНА

ВО ПООДДЕЛНИ ПЛАНСКИ РЕГИОНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Андреа Златковска, Јулијана Саздова ........................... 112**

ТУРИСТИЧКИ ЗНАМЕНИТОСТИ ВО СЕВЕРОИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА МАКЕДОНИЈА

**Цане Котески, Златко Јаковлев, Драгана Солтировска .. 125**

ПРОЦЕСНИ ИНОВАЦИИ ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО

**Николчо Петров, Тања Ангелкова Петкова ..................... 138**

НАТУРИЗМОТ КАКО ДЕЛ ОД МЕЃУНАРОДНИОТ ТУРИЗАМ

**Златко Јаковлев,Благица Арнаудова,Цане Котески.......144**

МЕНАЏМЕНТ НА УСЛУЖНА ДЕЈНОСТ

**Златко Јаковлев,Цане Котески,Душица Матета Гигова..151**

ПРЕЗЕНТАЦИЈА И АНАЛИЗА НА ДЕЛ ОД ПУБЛИКУВАНИТЕ ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧИ ВО ПЕРИОДОТ 1954–1979 ГОДИНА И

НИВНАТА УЛОГА ВО ПРОМОЦИЈА НА ТУРИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА

**Никола В. Димитров, Методи Чилиманов ........................ 160**

КРАТОК ОПИС НА ОСОГОВСКИОТ РЕГИОН

**Нако Ташков, Илија Милосовски .................................... 181**

ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА МАНАСТИРСКИТЕ КОМПЛЕКСИ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

**Љупчо Јаневски, Науме Мариноски ................................ 185**

ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

**Нако Ташков, Ивана Ананијева, Симона Атанасова .......203**

# ПРЕДГОВОР ОД УРЕДНИЦИТЕ

Зборникот „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија" содржи трудови кои се презентирани на истоимената научно-стручна конференција, одржана на 28-ми мај 2016 година во Штип, во организација на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Мотивите за одржувањето на конференцијата се повеќе. Конференцијата им даде можност на младите автори и студенти на втор и трет циклус на студии да ги презентираат и доближат до пошироката научна и стручна јавност своите теоретски и практични истражувања од областа на туризмот, економијата и логистиката. Во најголем дел, нивните трудови се изработени под менторство на професорите кои се истакнати научни работници и потврдени практичари. Од друга страна, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, изискува објавување на еден труд кој е резултат на истражувањето што е предмет на магистерскиот труд. Важен мотив за одржувањето на конференцијата е социјалниот дел, во кој учесниците имаа можност да се запознаат, разменат мислења, дискутираат и остварат вмрежување. Преку конференцијата, промовиран е градот Штип како туристичка дестинација, а од друга страна, позитивно влијае на имиџот на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

На конференцијата беа покренати бројни прашања, изнесени одделни размислувања и дилеми што со својата актуелност го зафатија научно-стручното поле на расправата, што резултираше со овој зборник. За понатамошна соработка и доближување до читателите, на почетокот на зборникот се претставени авторите со фотографија и кратка биографија, а покрај насловите на трудовите наведени се и нивните електронски адреси.

Од содржинска гледна точка, зборникот дава свој придонес во зголемување и збогатување на постоечката литература од областа на туризмот, економијата и логистиката. Тој е важен за заедницата на образовниот, јавниот и невладиниот сектор, како и стопанските организации кои се занимаваат со оваа проблематика. Тематски е поделен на два дела: Теми од економија и бизнис логистика, каде има девет труда и Теми од туризам и угостителство, каде се претставени

десет труда. Зборникот содржи над 200 страници текст од триесет и тројца автори, во кои за подобра презентација се користат графикони, табели и фотографии.

Како уредници на зборникот, ја користиме оваа прилика да искажеме благодарност до сите учесници на конференцијата, како и до колегите кои дадоа свој придонес во организацискиот и програмскиот дел на конференцијата.

Низ презентираните текстови и материјали, во зборникот се открива големото значење и современите тенденции на туризмот, економијата и логистиката во нашата земја. Исто така, реакциите од страна на учесниците беа позитивни во однос на успешната организација на конференцијата. Поради овие причини, се надеваме дека во иднина оваа конференција ќе добие меѓународен карактер и ќе доживее голема традиција.

**Никола В. Димитров**

**Дејан Методијески**

# ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО

УДК 338.48-6 (497.7:23)

# КРАТОК ОПИС НА ОСОГОВСКИОТ РЕГИОН

**Нако Ташков, Илија Милосовски**

nako.taskov@ugd.edu.mk
ilijamilosovski@hotmail.com

**Клучни зборови:** Осоговски регион, туризам, рекреација.

**Апстракт**

Осоговските Планини, односно Осоговскиот регион е најголемиот планински масив во источниот дел на Македонија. Планините се богати со шуми, извори, растенија и вкусни шумски плодови. Осоговските Планини во своите пазуви чуваат многу тајни, ендемични видови, па дури и скриено богатство. Осоговијата изобилува и со рекреативно-излетнички места погодни за разонода: Калин Камен, туристичко-рекреативен центар Поникве; Цепен Камен, каде има рибници со пастрмки; Бела Вода, каде што се одгледува органска храна; Станечки водопади заобиколени со високи карпи погодни за алпинизам; Врв Чупино Брдо; и уште многу други за коишто ќе ви раскажат мештаните на осоговските села од разбиен тип.

## Краток опис на Осоговскиот регион

Осоговскиот регион со неговите природни убавини е најубавото планинско место во Источна Македонија. Осоговскиот регион, односно Осоговските Планини кои се наоѓаат во североисточниот дел на Македонија се природна целина која се протега во две држави. Осоговскиот планински масив зафаќа вкупна површина од 1.535 км$^2$, од кои на Република Македонија припаѓаат 1.102 км$^2$ или 71,8 %, додека 443 км$^2$ или 28,2 % на Република Бугарија. Тектонските движења со кои била зафатена оваа планина условиле да биде издигната, раседната и раздробена при што е формирана како хорст. Релјефот на Осоговскиот планински масив е претставен со високи, зарамнети и долги планински била, кои меѓу себе се расчленети со длабоки речни долини, вулкански купи и кратери. Најпознати била се: Руенското било, кое

претставува вододелница помеѓу сливот на Вардар и Струма; Соколско било; Калинкаменско било.

Постојат многу легенди за тоа како Осогово го добило името, но најпознатата е онаа според која тоа потекнува од старите саксонски рудари кои во минатото на ова подрачје ископувале злато и сребро. Приказната вели дека името настанало со спојување на зборовите од старогерманскиот јазик „osso" (господ) и „gov" (место), што значи „Божјо место"[89].

Осоговските Планини се еден од пределите на нашите простори што може да се пофалат со епитетот вистински еколошки и чист крај. Чистиот воздух и во лето и во зима дејствува како еликсир за белите дробови. Предностите на Осоговијата ги сознале уште припадниците на армијата на кралството на Србите, Хрватите и Словенците, кои таму изградиле санаториуми за рехабилитација на српските војници ранети во Балканските војни и во Првата светска војна. Дел од тие објекти сè уште постои, раштркани по благите падини на Осоговските Планини, а некои се урнале.

Зимските денови во Осоговијата секоја година се сврзани со дебели слоеви снег. Велат дека на планините што просечно се повисоки од 1.500 м снегот се задржува по речиси шест месеци во годината, а честопати повеќе месеци се задржува снежна покривка од барем триесетина сантиметри.

Природните убавини, еколошки чистиот амбиент и поволната клима се одлични предуслови за зголемената посетеност на подзаборавената Пониква. Покрај веќе изградените спортски терени, во план е изградба на патеки за биатлон и нордиско трчање.

Љубителите на планинарењето треба да знаат дека околината изобилува со пешачки патеки, а на само 16 километри се наоѓа и планинскиот врв „Царев Врв", до кој може да се стигне со теренско возило или пешки.

На врвот „Руен" (највисок на Осоговските Планини) кој се наоѓа на самата граница со Бугарија, може да се искачите главно од два правци, и тоа едниот е од „Царев врв" до кој е веќе опишано

---

[89] Милевски И. 2006: „Геоморфологија на Осоговскиот Планински масив", докторска дисертација, Институт за географија, ПМФ, Скопје.

искачувањето, нема маркација, патеката прво ве спушта до преслапот „Ајдучка чешма“ што е најниска точка на патеката, тука на песлапот десно под патеката навистина има чешма со тоа име, потоа го почнувате искачувањето на Руен кое вкупно од Царев врв трае околу 2 часа. Друг правец е преку рудникот „Тораница“. Кога одите од Крива Паланка кон Бугарија, пред да стигнете до границата, вртите десно кон рудникот „Тораница“ одалечен вкупно 18 км од Крива Паланка. Од рудникот можете да се искачувате директно на врвот Руен иако нема маркација, или втора подолга, но полесна варијанта да се искачувате во правец на седлото меѓу Царев врв и Руен и потоа да одите кон врвот. Зависно од правецот, потребни се околу 2-3 часа. За движење во погранична зона потребна ви е дозвола од Министерството за внатрешни работи.

Осоговскиот регион се смета за еден од најзачуваните во еко смисла на зборот во Македонија. Преку повеќе физибилити студии за унапредување и зачувување на Осоговието општините кои го сочинуваат се обидуваат да придонесат за зголемување на интересот кај домашните и странските туристи. Со надградување на патната мрежа во регионот и решавање на поголемите инфраструктурни проекти во и околу туристичкиот центар Пониква, кој ги покрива четирите општини што гравитираат околу него, може да стане главен планински, скијачки, етно, еко и разоноден центар во Македонија.

Природните карактеристики на Осоговскиот регион и напорите за развој на туризмот во сите подрачја од регионот се започна поширока акција со цел размена на искуствата во оваа област и заеднички настап и промоција на програмите за сите видови туризам на различни дестинации низ Балканот.

Со судирањето на четирите главни воздушни струеења на воздухот, пребогати со кислород, на идеалната висина од 1100-1600 метри надморска височина, Осоговието е една од најдобрите „воздушни бањи“, кои се реткост во светот, а се една од најдобрите прилики за искористување на туристичките можности на регионот.

При дефинирање на визијата за Осоговието се земаат предвид потребите кои ги наметнува пазарот, но и вредностите кои го одликуваат регионот како туристичка дестинација. Визијата за развој на туризмот ги определува насоките за развој на потсекторот туризам во општините.

Како посебна туристичка атракција, за љубителите на ловот, во непосредна близина на спортско-рекреативниот центар Пониква, се наоѓа и резерват за дивеч. Комерцијалното ловиште-резерват им нуди на посетителите можност за лов на елени, срни, еленилопатари, муфлони, диви свињи, како и сместување.

**Користена литература:**


1. Д. Ристовски, Туристички информатор на Крива Паланка;

2. Милевски И., 2006: „Геоморфологија на Осоговскиот плански масив", докторска дисертација, Институт за географија, ПМФ, Скопје;

3. Н.Панов, Туристичка валоризација на манастирите во Република Македонија, Скопје 1998 год.;

4. Н. Панов, Основи на туризмот, Скопје, 2004 год.;

5.http://www.virtualtourist.com/travel/Europe/FYR_of_Macedonia/Opstina_Kratovo/TravelGuide-Opstina_Kratovo.html

6. http://www.krivapalanka.gov.mk/mk/kulturni-manifestacii

7. http://probistip.mk/

8. http://probistip.gov.mk/

9. www.wikipedia.org

10. http://www.igeografija.mk/Portal/?p=787

11. http://macedoniaalternativetourism.blogspot.com/2013/